КОМЕНТАР

COMMENT

Бр./No. 15



**На Нацрт-Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021**

**22. Септември 2017**

Finance Think оценува дека нацрт Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021 понудена од Министерството за финансии е позитивен чекор кон создавање јасни и концизни насоки за подобрување на управувањето со јавните финансии во Македонија. Дополнително, ваквите документи се едни од ретките кои се достапни за јавноста и организирањето јавната дискусија за оваа програма претставува чекор кон зголемување на транспарентноста со управувањето со јавните финансии. Finance Think очекува дека ваквите процеси ќе продолжат и во иднина. Finance Think смета дека програмата е амбициозна и, иако е целосно посветена кон реформи во управувањето со јавните финансии, остава впечаток дека реформите би се соочиле со предизвици околу нивното имплементирање.

Finance Think има неколку коментари и сугестии кон програмата, сè со цел подобрување на истата. Подетално во следните точки:

- Иако нацрт програмата се состои со временска рамка за спроведување, Finance Think препорачува истата да се преиспита во однос на **тежината на спроведувањето** на предложените реформи. Со соодветно приоритизирање, мерките од програмата полесно би се остварувале и имплементирале, а воедно би се оставил и доволен простор за изнајдување начини за ублажување и решавање на предизвиците во имплементација на ризичните активности.
- Планот за подобрување и изготвување јасна и концизна Фискална стратегија е коректен. Сè со цел подобрување на овој многу важен документ, Finance Think препорачува при претставувањето на капиталните расходи, тие да се поврзат со јасна и лесно мерлива економска цел. Следствено, документот мора да ја прикаже и причината зошто ваквите **капитални инвестиции се приоритизираат, како и колкав би бил ефектот од нив врз растот, регионалната и доходната распределба и животниот стандард**. Дополнително, сегашната Фискална стратегија 2017-2019 предвидува намалување на буџетскиот дефицит под Мастришкиот критериум од 3% од БДП, но ваквото поистоветување со Мастришкиот критериум може да остави перцепција дека и јавниот долг е на одржливо ниво, со оглед на фактот дека е под нивото на Мастршкиот критериум од 60% од БДП. **Ваквите дефиниции можат да создадат**

Finance Think – 2017 All right reserved.

**перцепција дека постои понатамошен простор за задолжување, што има потенцијал да биде штетно доколку задолжувањето не е строго наменско и во приоритетни и продуктивни цели**.

- Имајќи предвид дека програмата има и посебен осврт кон управувањето со јавниот долг, планот за донесување стратегија за управување со јавен долг како посебен документ е позитивна насока кон транспарентност сврзана со одржливоста и менаџментот на јавниот долг. Управувањето и одржувањето на јавниот долг во контекст на локалните карактеристики е од важно значење. Оттука, **спроведувањето тестови за одржливоста на јавниот долг ќе помогне во ублажувањето и отстранувањето секакви ризици кои можат да настанат во управувањето и одржувањето на јавниот долг**. Со цел потранспарентно работење, Finance Think предлага извештаите од ваквите тестови да бидат достапни за увид и дебата во јавноста.
- Finance Think смета дека Македонија има потреба на институционализирање на Фискалниот совет. Во контекст на ова, Finance Think предлага **фискалниот совет да има ингеренции, а не само советодавна улога во управувањето со јавните финансии**. Следствено, советот треба да ги има сите или дел од овие ингеренции: учество во определување на приоритетите за јавно финансирање, изведување кост-бенефит анализи за предложените јавни инвестиции, придонес во определување на износите и изворите на јавното позајмување (особено за надворешниот јавен долг), придонес во определување на висината на буџетскиот дефицит, и проекции за економскиот циклус и износот на долгот. Фискалниот совет треба да биде составен главно од независни домашни експерти со строго дефинирани квалификации и критериуми за избор, а по функција би членувал и Министерот за финансии, со право на глас.
- Публикувањето граѓански буџети е важен чекор кон зголемување на буџетската транспарентност. Граѓанските буџети ги зголемуваат свеста и интересот на граѓаните кон тоа како се трошат народните пари. Дополнително, граѓанските буџети го зголемуваат и интересот за учествување на граѓаните во буџетските процеси. Следствено, **публикувањето граѓанските буџети треба да остане редовна годишна практика и секоја јавна политика која има големо влијание и значење за населението треба да биде публикувана на јасен, разбирлив јазик, сè со цел да допре до поголема публика која нема техничко знаење**.
- Како еден од поборниците за поголема буџетска транспарентност и буџетско партиципирање, Finance Think смета дека треба да се **воспостави механизам на вклучување на засегнатите страни (заедници, НВО сектор, здруженија итн.) во креирањето и финансирањето на политиките кои имаат директно или индиректно влијание врз тие засегнати страни (на пример, родово-одговорно буџетирање).**
- Како организација која будно ја следи буџетската транспарентност и отченост на Македонија бевме сведоци на непочитувањето рокови за донесување предлог буџет, усвојување на буџетот и публикување на завршните сметки. Во контекст на ова, зголемувањето на буџетската транспарентност и отченост треба да биде фокусирано кон почитувањето на законските рокови. Дополнително, тенденцијата на промена и измена на буџетот низ тековната година треба да биде минимизирана, освен во непредвидени случаи. Следствено, Finance Think смета дека во прикажувањето на буџетот и завршните сметки, треба **да се почитува правилникот за класификација на приходите и расходите; притоа освен наведувањето на ставките треба да се наведуваат и сите под-ставки, со цел појасна и транспарентна слика за буџетот на Република Македонија. Во овој контекст, треба да се создаде механизам на мониторинг и казни во случај ако Законот за буџети не е почитуван и законските рокови се прекршени**.

Finance Think – 2017 All right reserved.

- Finance Think смета дека е **време за размислување и создавање стратегија за транзиција од готовинско кон пресметковно сметководство**. Ваквата долгорочна реформа е од суштинско значење за Македонија. Пресметковно сметководство овозможува запис на сите средства и обврски на државата, го подобрува мониторингот на обврските и потенцијалните обврски и прави консолидација на финансиските сметки на сите субјекти под владина контрола (како и вонбуџетски фондови и јавни претпријатија). Ваквата транзиција ќе предизвика зголемена транспарентност, интегритет и отчетност на финансиското работење на сите субјекти под владина контрола.

Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021 е прв чекор кој уверува дека управувањето со јавните финансии ќе се подобри, што е од суштинско значење за иднината на Македонската фискална економија. Спроведувањето и публикувањето вакви документи треба да продолжи и во иднина, со што би станало базичен репер за добро управување, транспарентност и отчетност на државата.

Finance Think – 2017 All right reserved.